На 12 Февруари 2010 година, Собранието на Македонската Кошаркарска Федерација го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЛИЦЕНЦЕН СИСТЕМ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА
НА КОШАРКАРСКИТЕ КЛУБОВИ, ШКОЛИ И ДРУГИ СУБЈЕКТИ ВО МАКЕДОНИЈА КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО КОШАРКА

**Член 1**

Како единствена надлежна институција за организирање кошарка и кошаркарски натпреварувања, Македонската Кошаркарска Федерација го пропишува овој Правилник, со кој се регулираат правата и обврските на клубовите, школите и другите субјекти кои се занимаваат со кошарка во Република Македонија.

**Член 2**

Правилникот за лиценцен систем ги пропишува и уредува правата и обврските на сите членки на Собранието на МКФ, на Здруженијата на сениорски лиги, Здруженијата на младински лиги, како и сите останати субјекти кои се занимаваат и организираат кошарка, а не се дел од МКФ.

**Член 3**

Со овој Правилник се врши категоризација на субјектите кои се занимаваат со кошарка, а согласно со тоа и условите кои треба да ги исполнуваат за да поседуваат соодветна Лиценца.

**Член 4**

Лиценцата е документ кој го издава канцеларијата на МКФ, а го потпишуваат Претседателот и Генералниот Секретар на МКФ. Лиценцата има важност од една година (една кошаркарска сезона) и се обновува најдоцна до 30 дена до почетокот на сезоната и завршува со последниот напревар од сезоната во натпреварувањето во кое учествува субјектот што ја поседува лиценцата.
Без поседување на соодветна Лиценца, ниту еден субјект не може да оствари право на натпреварување во лига во било која категорија.

**Член 5**

Согласно овој правилник, МКФ ги пропишува следните видови Лиценци, како и условите што треба да ги исполни субјектот за да ја поседува:

# ЛИЦЕНЦА А

Услови:

**1. Екипа која настапува во било која од сениорските лиги на МКФ**

**2. Најмалку една екипа која настапува во било која од младинските лиги на МКФ**

**3. Спортска сала со терен и димензии означени според пропозициите и правилата на ФИБА**

**4. Спортска сала со регуларен и исправен технички уред за водење резултат, време, време за напад и лични грешки, согласно пропозициите и правилата на ФИБА.**

**5. Спортска сала со кош-табли, обрачи и мрежички на обрачите, согласно пропозициите и правилата на ФИБА.**

**6. Спортска сала со соодветни соблекувални за 2 екипи, соблекувална за официјални лица, официјална клупска просторија – канцеларија за службени обврски со телефон и факс.**

**7. Минимум 3 (тројца) лиценцирани тренери**

**8. Ангажирано овластено медицинско лице**

**9. Ангажирано лице – комесар за безбедност**

**10. Лиценциран службен претставник**

**11. Интернет врска и покриеност најмалку на пределот кај записничката маса**

**12. Соодветен трибински простор за работа на новинари и простор за прес-конференции**

Годишниот надомест за издавање на оваа лиценца изнесува:

* бесплатна - за клуб од сениорска лига кој учествува со шест или повеќе екипи во младинските лиги;
* 6.000 денари – за клуб од сениорска лига кој учествува со пет екипи во младинските лиги;
* 7.000 денари – за клуб од сениорска лига кој учествува со четири екипи во младинските лиги;
* 8.000 денари - за клуб од сениорска лига кој учествува со три екипи во младинските лиги;
* 9.000 денари - за клуб од сениорска лига кој учествува со две екипи во младинските лиги;
* 10.000 денари - за клуб од сениорска лига кој учествува со една екипа во младинските лиги;
* 300.000 денари – за клуб од сениорска лига кој не учествува со ниту една екипа во младинските лиги.

***бројот на младински екипи на еден клуб се однесува на вкупно машки и женски.***

**За женските клубови**, кои учествуваат само во женските лиги, бројот на младински екипи во првата повластена категорија (бесплатна) е еднаков на бројот на младински лиги во тековната сезона. Останатите повластени категории на листата се во соодност на бројот на младински лиги во тековната сезона.

* 6.000 денари – за клуб од сениорска лига кој учествува со 3 младински екипи;

* 7.000 денари - за клуб од сениорска лига кој учествува со 2 младински екипи;

* 8.000 денари - за клуб од сениорска лига кој учествува со 1 младинска екипа;

* 150.000 денари - за клуб од сениорска лига кој не учествува со младинска екипа.

# ЛИЦЕНЦА Б

**Привремена Лиценца за младински школи и клубови кои, заради возраста на пријавената екипа на својата најстарата генерација не учествува во ниедно од сениорските натпреварувања на МКФ. Оваа Лиценца може да се издаде само еднаш на еден субјект и има важност од две години (две сврзани сезони).**

Услови:

**1. Најмалку една екипа која настапува во било која од младинските лиги на МКФ**

**2. Спортска сала со терен и димензии означени според пропозиците и правилата на ФИБА**

**3. Спортска сала со регуларен и исправен технички уред за водење резултат, време, време за напад и лични грешки, согласно пропозициите и правилата на ФИБА.**

**4. Спортска сала со кош-табли, обрачи и мрежички на обрачите, согласно пропозициите и правилата на ФИБА.**

**5. Спортска сала со соодветни соблекувални за 2 екипи, соблекувална за официјални лица, официјална клупска просторија – канцеларија за службени обврски со телефон и факс.**

**6. Минимум 2 (двајца) лиценцирани тренери**

**7. Ангажирано овластено медицинско лице**

**8. Ангажирано лице – комесар за безбедност**

**9. Лиценциран службен претставник**

**10. Интернет врска и покриеност најмалку на пределот кај записничката маса**

Годишниот надомест за издавање на оваа лиценца изнесува:

- 20.000 денари, за клуб кој настапува со шест или повеќе екипи во младинските лиги;
- 25.000 денари – за клуб кој настапува со пет екипи во младинските лиги;
- 30.000 денари – за клуб кој настапува со четири екипи во младинските лиги;
- 40.000 денари - за клуб кој настапува со три екипи во младинските лиги;
- 50.000 денари - за клуб кој настапува со две екипи во младинските лиги;
- 60.000 денари - за клуб кој настапува со една екипа во младинските лиги;

***** Бројот на младински екипи се однесува на вкупно машки и женски.***

**За женските клубови**, бројот на младински екипи во првата повластена категорија 20.000 денари) е еднаков на бројот на младински лиги во тековната сезона. Останатите повластени категории на листата се во сооднос на бројот на младински лиги:

* 25.000 денари, за клуб кој настапува со три екипи во младинските лиги;
* 30.000 денари за клуб кој настапува со две екипи во младинските лиги;
* 40.000 денари денари за клуб кој настапува со една екипа во младинските лиги.

* Клубот плаќа половина од сумата пред почетокот на првата сезона. Доколку пред почетокот на следната сезона клубот пријави сениорска екипа, не ја доплаќа Лиценцата Б и автоматски аплицира за Лиценца А.

---

# ЛИЦЕНЦА Ц

**За сите останати клубови, школи и субјекти кои не учествуваат во ниту едно од натпреварувањата на МКФ**

- Годишниот надомест за издавање на оваа лиценца изнесува 300.000 денари

**Член 6**

Согласно одредбите на Законот за Спорт, како и препораките од инспекторатот на Агенцијата за Млади и Спорт на Република Македонија, ниту еден субјект не може да се занимава со дејност спорт – кошарка, доколку не поседува валидна лиценца издадена од МКФ.

Без соодветна лиценца, ниту еден субјект не ќе може да изнајмува термини во спортските и училишни сали, да оганизира кошарка во било кој вид поединечно или групно, ниту пак да наплаќа било каков надомест за вршење на својата дејност.

**Член 7**

Македонската Кошаркарска Федерација, во соработка со инспекторатот на Агенцијата за Млади и Спорт на Република Македонија, се обврзува да ги штити имателите на соодветните лиценци и навремено да реагира при појава на нелиценцирано занимавање со кошарка.

**Член 8**

Македонската Кошаркарска Федерација ја гарантира Лиценцата пред соодветните надлежни државни и други институции и се обврзува нивното издавање да го прилагоди согласно со членовите на овој правилник.

**Член 9**

Македонската Кошаркарска Федерација го задржува правото за одземање на веќе издадената Лиценца, доколку субјектот кому му е издадена во меѓувреме прекршил некои од условите за издавањето на Лиценцата.

**Член 10**

Овој правилник е во согласност со Регистрацискиот Правилник на МКФ и стапува на сила од денот на неговото донесување. Евентуалните дополнувања и промени се вршат исклучиво на седници на Собранието на МКФ.

Скопје, 12 Февруари 2010

Претседател
Даниел Димевски

Генерален Секретар
Дејан Лекиќ

# Македонска Кошаркарска Федерација

Адреса:
Бул. "Кузман Јосифовски Питу" број 17
Поштенски Фах 318
1000 Скопје, Република Македонија

Телефон-факс: (02) 24-64-988
*contact@basketball.org.mk*

Генерален секретар: Дејан Лекиќ
Технички секретар: Соња Спасовска
Претседател на Регистрациска Комисија: Томе Димишковски
Комесар за натпреварување: Горан Трпушевски
Комесар за млади категории: Јован Крстевски

**www.basketball.org.mk**

Напомена:

**Правилникот за Лиценцен Систем и категоризација на МКФ е донесен на Собранието на МКФ на 12 Февруари 2010 година.**

**Овластен издавач на пречистениот текст на Правилникот за Лиценцен Систем на МКФ е Управниот одбор на МКФ.**

**Издавачот ги задржува сите права.**

**Не е дозволено ниту еден дел од оваа публикација понатаму да се репродуцира на било каков начин и во било која форма, без писмена согласност од издавачот.**